| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Праисториски животни |
| **Содржина на денот** | Математички игри |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Оспособување на детето да биде внимателно,да ги препознава местата кои што се опасни по здравјето и како да ги избегнува истите. Навикнување да избегнуваат блиски контакти со деца и возрасни. |
| **Активност** | Слушајте ја со детето песната „Врти маче" од ЦД „Лисичко и Калинка". Играјте и со плишано маче,кое ќе го поставите над,под и на масата.<br>Истото вежбајте го и со други предмети и играчки,на пример: стави ги топлинките под полицата,однеси ја куклата над креветот и. т.н.<br>Вежбањето на математичките релации блиску,далеку,се допираат,продолжете го со разгледување на сликовница за сообраќајни средства,„Пожарникари" или "Специјални возила". Преку илустрациите ќе ги утврдувате поимите,кои возила се блиску,кои се далеку или се допираат меѓусебно или кон друг објект.<br>Потоа опуштете се со вежби за релаксација на вратот и рамениот појас. Истовремено употребувајте ги релациите десно-лево,десна рака,лева рака и. т.н.<br>Во работната тетратка по математика утврдете ги овие математички релации,со поврзување со линија,зависно од поставената задача.<br>Во прилог погледајте ги илустрациите од книгата:„Положба на предметите" математика за визуелно и интерактивно учење од Д.Ѓорѓевиќ. |